АДВОКАТСКА КАНЦЕЛАРИЈА
**ГОЦЕ ЦОНЕВСКИ**
ул. ВАСИЛ ГЛАВИНОВ бр.7 Б/1-1; 1000 СКОПЈЕ, МАКЕДОНИЈА
тел./факс (...38902) 3290811 ; Е-маил: цоневскигЖт-хоме.мк

*Адвокат Гоце Цоневски;*
*Адвокат Наташа Филиповска; Адвокат Александра Тасева; Адвокат Марија Стојановска;*
*Стручен соработник Бојан Атанасовски и Адвокатски приправник Мартина Данова*

Врска: П-4.бр.834/13

ДО:
ОСНОВЕН СУД ШТИП

ТУЖИТЕЛ: Владислав Михаилович Втулкин од Москва, граѓанин на Руската Федерација, место на раѓање Украина на 24.03.1976 година, со живеалиште на ул.Рхеиналее 140 Дизелдорф Германија, со број на пасош 51 5268030, застапуван од Адвокатска канцеларија Јаникевиќ од Скопје, бул.Кочо Рацин бр.38-1/5

ТУЖЕНИ : 1.Винарска визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип, ул.Генерал Михајло Апостолски бр.7-3 Штип, со ЕМБС 5096847 и ЕДБ 4029996110063, застапувано од Управителот Верица Љуботенска, со е-маил: р.љуботенскиЖимаковино.цом.мк, преку Полном.Адв.Гоце Цоневски од Скопје, ул.Васил Главинов бр.7Б-1/1, со тел.02/3290-811, со е-маил:conevskig@t-home.mk,

2.Трговско друштво за трговија, производство и услуги ИМАКО ДОО увоз-извоз Штип, ул.Михајло Апостолски бр.34-5 Штип, со ЕМБС 4805178 и ЕДБ 4029994108584, застапувано од Управителот Ристе Љуботенски, со е-маил:р.љуботенскиЖимаковино.цом.мк, преку Полном.Адв.Гоце Цоневски од Скопје, ул.Васил Главинов бр.7Б-1/1, тел.02/3290-811,е-маил: conevskig@t-home.mk.

ОСНОВ: Надомест на штета

ВРЕДНОСТ: 1.915.458 евра

# ОДГОВОР НА ТУЖБА

Од тужените, преку Полном.Адв.Гоце Цоневски од Скопје

Пред насловниот суд е заведен предметот П-4.бр.834/13 по тужбата на тужителот Владислав Михаилович Втулкин против тужените Винарска визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип и ИМАКО ДОО увоз-извоз Штип за надомест на штета во износ од 1.915.458,00 евра.

Во одговор на доставената тужба, тужените преку нивниот полномошник истакнуваат дека наводите содржани во тужбата се потполно нејасни, невистинити, неосновани и контрадикторни, па му предлагат на насловниот суд да ја одбие тужбата во целост како неоснована.

I. Пред се, навистина е нејасно од кој правен основ, од кои причини, докази и слично, тужителот како физичко лице смета дека претрпел штета и тоа токму во износ од 1.915.458,00

евра, кој и како утврдил дека на тужителот му е причинета штета , кој ја причинил таа штета и слично. Од овие причини сметам дека, тужителот треба да го прецизира тужбеното барање.

II. Тужените приговараат на недостаток/немање на стварната легитимација во оваа постапка и тоа како на страната на тужителот (активна легитимација) така и на страната на тужените (пасивна легитамација). Имено, тужителот се повикува на одредбите од Договорот за деловно техничка и финансиска соработка од 13.11.2004 година, кој е ништовен договор, за која цел веќе е поведена постапка пред истиот суд од страна на тужителот Ристе Љуботенски против тужениот Владислав Михаилович Втулкин. Меѓутоа, тужителот Владислав Втулкин не ги исполнил обврските од овој Договор, бидејќи наместо да уплати 50% од вредноста на капиталот на двете друштва, кој во тој период изнесувал неколку милиони евра, на име зголемување на основната главнина кај второтужениот ИМАКО ДОО Штип уплатил само износ од 2.475 евра со што станал содружник на 49% од уделите на друштвото. Тужителот до денес непрекинато е содружник на второтужениот ИМАКО ДОО Штип, па навистина е нејасно какво побарување тужителот истакнува спрема второтужениот односно каква штета, на кој начин и во кој износ му причинил токму второтужениот??? Согласно одредбите од ЗТД покрај обврските за уплата на основната главнина и другите утврдени законски обврски секој содружник има и права кои произлегуваат од неговиот содружнички однос, но во однос на евентуални парични побарувања може да истакнува само побарувања на дивиденда, секако доколку друштвото остварува добивка и одлучи да подели дивиденда. Но, во ова постапка тужителот воопшто не истакнува вакво побарување туку некакво побарување за надомест на штета и тоа по основ на вложувања кои воопшто не ги извршил тужителот како содружник, туку станува збор за уплати за купување на вино кои ги извршиле разни правни лица.

Уште понејасно е од кој правен основ произлегува побарувањето на тужителот спрема првотужениот Винарската визба ИМАКО ВИНО кога тужителот никогаш не бил содружник на првотужениот. Тужителот можеби смета дека станал содружник на првотужениот само врз основа на Договорот за деловно техничка и финансиска соработка склучен на ден 13.11.2004 година, помеѓу тужителот и лицето Ристе Љуботенски. Меѓутоа, согласно одредбите од ЗТД, содружник на друштво се станува со склучување на договор за основање на друштво, кој договор мора да биде составен во писмена форма и заверен од надлежен нотар, како и со потпишување и заверка на другите акти наведени во ЗТД. Но, тужителот никогаш не склучил и заверил договор за основање на друштво со содружникот на првотужениот, ниту биле потпишани и заверени другите потребни акти (одлуки, изјави, пријава, пропишани обрасци и сл.). Од таму, навистина е нејасно како би можел тужителот како физичко лице да истакнува тужба за надомест на штета против првотужениот.

Во тој контекст, во член 170 од ЗТД е утврдено дека ДОО се основа со Договор за друштвото кои го склучуваат сите основачи. Во член 171 од истиот закон децидно се наведени елементите кои задолжително мора да ги содржи Договорот за основање на друштвото. Во член 172 од истиот закон е утврдено дека основната главнина на друштвото се состои од збирот на влоговите на содружниците, а во наредните членови е утврдена обврска на сите содружници да ги уплатат своите влогови во друштвото.Во член 182 и 183 е утврдена обврската за поднесување пријава за упис и прилозите кои треба да бидат доставени кон пријавата. Во член 186 став 1 од ЗТД е децидно утврдено дека содружникот е должен влогот да го уплати во целост во согласност со Договорот за друштвото, а во став 3 од истиот член децидно е утврдно дека содружниците неможат да бидат ослободени, ниту може да им биде олеснето или одложено исполнувањето на обврската за плаќање на паричниот влог како и дека **обврската за плаќање на паричниот влог не може да се пребива со побарување спрема друштвото.** Воедно во став 7 од членот 186 истиот член кој се однесува на должноста на содружникот за уплата на влогот, **децидно е утврдено дека одредбите од Договорот за друштвото, како и другите правни работи и дејствија спротивни на одредбите од член 186 се ништовни.**

Необремнувајќи го овој поднесок со други членови и одредби од ЗТД, особено оние кои се однесуваат на уделите (утврдување на висина на уделите, запишување на уделите, пренос на уделите и сл.), како и одредбите кои се однесуваат на зголемувањето на основната главнина (за што се донесува Одлука која ја потпишуваат сите содружници, се утврдува износот на зголемувањето на основната главнина, износите и роковите за уплата на делот од основната

главнина кој се зголемува) преземањето на нови влогови од страна на содружниците, уписот на зголемувањето на основната главнина и сл. јасно може да се констатира дека тужителот никогаш ниту бил ниту пак можел да биде содружник на првотужениот, ниту пак може да истакнува било какви права по овој основ према првотужениот, бидејќи не бил склучен Договорот за основање на друштвото, не уплатил никаков основен влог, не биле склучени и потпишани другите потребни акти, не била поднесена пријава до трговскиот регистар, истиот не стекнал удели, ниту некаде се запишани и сл.

Видно од доставените докази и направеното вештачење , тужителот како физичко лице уплатил единствено 2.475 евра на име зголемување на основна главнина за која цел и се стекнал со 49% од уделите на второтужениот. Но, тужителот како физичко лице никогаш не извршил никакви уплати на име основачки влог или зголемување на основната главнина во првотужениот, а плаќањата од различни правни лица, тужителот сега невешто и невистинито се обидува да ги прикаже како лични вложувања, меѓутоа таквите уплати воопшто неможат да претставуваат лични вложувања на тужителот ниту вложувања на име зголемување на основна главнина или основачки влог, бидејќи прво се контрадикторни со ЗТД по горе-наведните членови , а уште повеќе кога и самите уплати кои ги прикажува се повикуваат на основ извоз и плаќање за вино како што е прикажано во вештачењето кое го доставуваме во прилог на овој одговор.

Конечно, дури и по претпоставка тужителот навистина да вршел уплати на име основен влог или зголемување на основна главнина како физичко лице (што секако не е случај) во таков случај доколку овие негови уплати не биле евидентирани во актите на друштвото и трговскиот регистар, со што содружникот претрпел штета по овој основ, може со тужба да бара надомест на штета само против другите содружници и управителот, но согласно член 181 став 5 од ЗТД, **правото да се бара надомест на штета застарува за 5 години,** воедно ваква тужба не може да се поднесе против правното лице.

Врз основа на досегашната експликација јасно може да се констатира дека не постои стварна легитимација за поднесување на ваква тужба и тоа како на страната на тужителот (активна легитимација) така и на страната на тужените (пасивна легитамација).

Истото се однесува и на наводите во тужбата кои се однесуваат на Одлуката и уписот на промената на содружници на првотужениот во постапката со која од друштвото истапил содружникот ИМАКО ДОО Штип, а пристапил содружникот Ристе Љуботенски од Штип.

Имено, навистина е нејасно како тужителот утврдил дека оваа Одлука и целата постапка е извршена неовластено, а преземените дејствија биле незаконити, па по овој основ истакнува надомест на некаква претрпена штета. Одлука за тоа дали некоја одлука донесена на Собир на содружници во друштвото е ништовна или не може да донесе само суд со правосилна судска одлука, а не тоа декларативно да го тврди некое физичко лице кое си замислува дека било содружник на друштвото. Поконкретно, согласно одредбата од член 225 од ЗТД, доколку тужителот сметал дека Одлуката за истапување на содружникот ИМАКО ДОО Штип и пристапување на лицето Ристе Љуботенски била ништовна , за тоа можел да поднесе посебна тужба за утврдување на ништовност на таа Одлука, согласно одредбата од член 225 став 4 и 227 став 3 од ЗТД, ваква тужба може да се **поднесе во рок од 60 дена од денот на донесување на одлуката,** но, вакво тужбено барање тужителот не истакнува во тужбата ниту пак може да истакне бидејќи од донесувањето на одлуката до денес се поминати 4/5 години. Воедно, ваква тужба би била и во целост неоснована бидејќи е одлуката е донесена во целост согласно одредбите од член 219 од ЗТД, според која Собирот на содружници може да работи и одлучува (кворум за работа) ако на Собирот на содружници се присутни содружници кои имаат мнозинство од гласовите што ги даваат влоговите во друштвото.

Во контекст на изнесеното, навистина е нејасно по кои основи и каков надомест на штета бара тужителот од правните лица.

III.Со цел согледување на вистинската фактичка состојба и односите помеѓу тужителот и лицето Ристе Љуботенски, тужените укажуваат на следното:

На 05.02.1994 година, лицето Ристе Љуботенски како единствен основач, го основал Трговското друштво за трговија, производство и услуги ИМАКО ДООЕЛ увоз-извоз Штип, а две години подоцна, односно на 31.01.1996 година било основано Трговското друштво Винарска визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип, чиј основач било Друштвото ИМАКО ДООЕЛ Штип.

Во наредниот период од десетина години, со огромни лични вложувања, личен капитал и личен труд, лицето Ристе Љуботенски успеал да направи модерна Винарска визба, која започнала со сопствено производство и продажба на вино. Производството, односно продажбата на вино се одвивала преку Друштвото ИМАКО ДООЕЛ увоз-извоз Штип и Винарската визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип.

ДОКАЗ: Акти од надлежниот судски регистар за основање на друштвата
ИМАКО ДООЕЛ увоз-извоз Штип и ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип

Во Октомври 2004 година, за време на службен престој во фирмата од која набавувал опрема - ПИМ ООД град Хасково, Р.Бугарија лицето Ристе Љуботенски со посредство на сопственикот Димитар Назиров се запознал со тужителот Владислав Михаилович Втулкин од Москва, државјанин на Руската Федерација, кој се занимавал со истата дејност како и Ристе Љуботенски.

На средбата било разговарано за можностите за купопродажба на вино, но и за евентуална деловна соработка која би се одвивала на тој начин што правни лица од Русија би купувале вино од тужените, кое би се продавало на пазарите во Русија. Во Ноември 2004 година, тужителот дошол во Штип за да ги увиди капацитетите со кој располага Винарската визба на тужените како и да го види квалитетот на виното кое таму се произведува. При тоа, одкако изразил големо задоволство од постојните капацитети и можности, тужителот му понудил на Ристе Љуботенски да му стане партнер во бизнисот односно, да инвестира на тој начин што би уплатил пари во износ еднаков на 50% од вредноста на вкупниот капитал на друштвата. Во тој период вредноста на целокупниот капитал кој Ристе Љуботенски го вложил во двете фирми изнесувал неколку милиони евра, но било потребно договорните страни заеднички да извршат точна процена на вредноста на вкупниот капитал, за да биде утврден точниот износ кој треба да го плати тужителот за да стане рамноправен партнер на Ристе Љуботенски.

Несомневајќи се воопшто во чесните намери на тужителот, Ристе Љуботенски начелно го прифатил предлогот на тужителот, па со оглед на краткиот престој на тужителот во Р.Македонија, на ден 13.11.2004 година склучиле Договор за деловно-техничка и финансиска соработка, а потписите на Договорот биле заверени од нотар Ленче Каранфиловска од Штип под УЗП.бр.5958/04 од 13.11.2004 година.

При тоа, тужителот инсистирал најнапред да биде запишан како содружник со 50%, од уделите во двете друштва, па дури потоа да ја уплати вистинската вредност на целокупниот капитал со кој располагал Ристе Љуботенски односно двете друштва, а Ристе Љуботенски сметал дека тужителот треба прво да го уплати овој износ, па дури потоа или истовремено да му стане рамноправен партнер. За да се најде заедничка солуција, било договорено тужителот да уплати симболично само износ од 2.475,00 евра што изнесува 49% од вредноста на основачкиот влог во Друштвото ИМАКО ДООЕЛ Штип (не од капиталот - вредноста на Друштвото), потоа по извршената точна проценка на вкупниот капитал согласно ЗТД, тужителот да инвестира еднаков износ на вредноста на вкупниот капитал на друштвата, со што би била зголемена основната главнина на друштвата.

Но, тужителот уплатил износ од само 2.475,00 евра, па тужителот и Ристе Љуботенски на 18.11.2004 склучиле Договор за основање на ДОО, со што, по потпишување на другите потребни акти тужителот бил запишан како содружник со 49% од уделите во Друштво за трговија, производство и услуги ИМАКО ДОО увоз-извоз Штип, што одговара на уплатениот износ од 2.475,00 евра.

ДОКАЗ: Договор за деловно-техничка и финансиска соработка од 13.11.2004г;
Договор за основање на ДОО од 18.11.2004 год.

Уплата на износ од 2.475,00 евра

Меѓутоа од склучувањето на наведените договори (Ноември 2004 година) до денес, освен симболичниот износ од 2.475,00 евра, тужителот никогаш не уплатил ниту едно евро по основ на Договорот за деловно-техничка и финансиска соработка, ниту пак пројавил било каков интерес во врска со тоа, иако Ристе Љуботенски повеќе пати го потсетувал и опоменувал за тоа.

Во наредните две-три години, фирми од Русија и Германија, во повеќе наврати купувале вино од ИМАКО ДОО увоз-извоз Штип и ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип, но тоа била класична купопродажба, па ја плаќале договорената купопродажна цена за извезеното вино врз основа на уредно доставени фактури, царински декларации и сл. Тужителот лично никогаш не уплатил ниту едно евро по основ зголемување на основна главнина, односно купување на удели во било кое од двете друштва, иако вкупниот капитал со кој располагаат друштвата изнесува неколку милиони евра, а согласно наведениот Договорот за деловно-техничка и финансиска соработка требало да стане рамноправен партнер во двете друштва.

После извесен период, лицето Ристе Љуботенски сфатил дека тужителот нема никаква намера да инвестира ниту едно евро во неговите друштва, а камоли да плати 50% од реалната вредност на капиталот со кој располагаат друштвата, па сметал дека Договорот за деловно-техничка и финансиска соработка всушност никогаш не почнал да произведува правно дејство. Токму затоа, Ристе Љуботенски самостојно го продолжил целокупниот развој на Винарската визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип, станал единствен сопственик во друштвото, преку кое било насочено целокупното производство и продажба на вино, а соработката и контактите со тужителот престанале.

Меѓутоа, после дестина години тужителот поднесува тужба, па повикувајќи се на Договорот за деловно-техничка и финансиска соработка од 2004 година склучен со Ристе Љуботенски, а не со тужените правни лица од кои бара надомест на штета, смета дека тој треба да биде сопственик на 50% од целокупниот капитал со кој располагаат ИМАКО ДОО увоз-извоз Штип и Винарска визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип, односно по тој основ побарува некаква материјална штета.

ДОКАЗ: Тужба за утврдување на ништовност на договори од Ристе Љуботенски
Распит на странките
Сослушување на сведокот Адвокат Софија Нацова од Скопје

Врз основа на досегашната обемна експликација на вистинската фактичка состојба јасно може да се констатира неоснованоста на тужбеното барање и невистинитоста на наводите истакнати во тужбата.

**IV.**Пред се, потполно се невистинити наводите содржани во тужбата и особено во т.н. Извештај за констатирана состојба од Економско - правно биро Компанија НМ, не навлегувајќи во тоа дали наведените невистини се резултат на несовесност, нестручност и пристрасност или пак се резултат селективно избрани документи, како и документи кои содржат невистинити факти во чија веродостојност тужените искрено се сомневаат и потполно ја оспоруваат.

Во тој контекст, апсолутно се невистинити наводите содржани во Извештајот за констатирана состојба што се потврдува и со вештиот наод и мислење изготвени од страна на овластено вешто лице Д-р Јанка Димитрова.

Имено, изнесените наоди во Извештајот за констатирана состојба за личните вложувања на тужителот наведени во тужбата во износ од 2,500 евра се неточни бидејќи според банкарската уплата – образец 743 од 02.12.2004 година висината на уплатените средства на основ 510 – основачки влог изнесува само 2,475 евра.

ДОКАЗ : Вешт наод и мислење од вешто лице Д-р Јанка Димитрова со прилози

Воедно дополнително, доставените писма од фирмите Делла Тофола, Фимер и ПИМ како и доставените фотокопии на царински декларации воопшто не укажуваат на лично вложување од страна на тужителот како физичко лице како што се тврди со тужбата, туку напротив сите докази укажуваат на купопродажни односи за опрема меѓу правни лица.

Основано сомневајќи се на веродостојноста на писмата и содржината навидум издадени од овие фирми, тужените, побараа писмено објаснување од фирмите добавувачи за содржината на овие писма при што од фирмата ПИМ ООД е доставено писмо со број 862 од 05.11.2013 година во кое изрично се декларира дека таа фирмата нема примено никакви девизни приливи од страна на физичкото лице Владислав Втулкин, кој се појавува како тужител во оваа постапка за надомест на штета.

ДОКАЗ: Писмо од ПИМ бр.862 од 05.11.2013 година преведено од овластен судски преведувач

Фирмите Делла Тофола и Фимер исто така потврдија дека не примиле никакви девизни плаќања во нивните фирми од страна на физичкото лице Владислав Втулкин, а за писмена потврда на ова, побараа судот да им се обрати по службена должност, согласно внатрешните процедури на компаниите, со цел да се избегнат било какви натамошни инсулации. Ова дотолку повеќе што вршењето на било какви парични уплати се докажува со валидни документи од банките или други носители на платен промет преку кои се врши плаќањето, а не со некакви писма во чија веродостојност основано се сомневаме.

Дополнително, од доставените декларации за увоз на машини и опрема во прилог на вештачењето јасно се гледа дека продавач се горе-наведените добавувачи, а додека примач и купувач(сопственик) на стоката е Имако Доо и Имако Вино Дооел, како што е утврдено и од судскиот вештак.

Наспроти ова, во тужбата и Извештајот за констатирана состојба и доставените наводни докази од тужителот, а со цел нереално да се зголеми вредноста на побарувањето за надомест на штета, како наводен доказ тужителот во нивниот Прилог 3 Дел 2 доставува увозни декларации од ПИМ ООД во периодот од 2003 година до период во 2004 година - временски период кога тужителот воопшто немал никаква врска ниту со сопственикот на тужените лица ниту пак било каква соработка со тужените, односно далеку пред склучување на Договорот за деловно техничка и финансиска соработка, кога тужителот и Ристе Љуботенски воопшто не се познавале.

Не е јасно како тужителот доставува наводни докази од 1000-2000 страни увозни декларации и неверодостојни писма за наводни плаќања, а не доставува никакви докази од банкарските уплати кои наводно ги правел како физичко лице кон фирмите добавувачи во значителни износи.

Дополнително, а се со цел да се зголеми вредноста на побарувањето по основ надомест на штета, тужителот невешто и паушално прикажува документи добиени од сметководствената евиденција на тужените, а се однесуваат на редовна деловна соработка на тужените фирми за купо-продажба на вино. Имено, сакајќи да ја зголеми вредноста на побарувањето по основ надомест на штета во Извештајот за констатирана состојба од страна на Компанија НМ се прикажувани наводни аванси и плаќања за извоз на вино од случајни фирми со кои тужените имале деловни односно купо-продажни односи.

Недостатокот на реални докази се огледа и во неточноста на изнесените податоци во Извештајот за констатирана состојба. Така, произлегува дека компанијата Алтиа која е во сопственост на Финската влада (што лесно може да се увиди од финансиските извештаи јавно достапни на вебстраната на компанијата) наводно побарува надомест на штета преку тужителот. И да е така како што тврди тужителот, несомнено се поставува прашањето како може физичко лице да побарува надомест на штета која произлегува од наводно неплатено побарување од правно лице, кое е притоа е апсолутно застарено бидејќи настанало пред 7-8 години?

Ова дотолку повеќе што правните лица на кои се повикува тужителот, кои извршиле авансни уплати, не само што уплатите ги извршиле со цел купување на вино, туку до денес им должат на тужените видно од доставените докази (прилог 1-4), каде јасно се гледа дека станува збор за купо-продажни односи меѓу правни лица и дека самите уплати се вршени по основ 112 – извоз на стоки, настанати пред 7-8 години.

Од горе-изнесеното и доставените докази очигледно е дека станува збор за правни лица кои имаат посебен правен субјективитет , па доколку тие истите сметале дека имаат било какви побарувања према тужените, тие правни лица можеле да поднесат тужба за надомест на долг, иако земајќи го во предвид периодот кога се извршени уплатите и извозите ваквите побарувања би биле апсолутно застарени.

Важно е да се напомене дека во тужбата, тужителот гласно се повикува на утврдено евидентно отуѓување на капиталот-материјалните средства на друштвото и тоа во значителен **обем.** Првенствено би морале да посочиме, дека како единствен доказ на ова „веќе утврдено" намалување е доставена информација од економско финансиската состојба од ЦРМ, а тужителот своеволно заклучува и утврдува дека отуѓувањето на капиталот-материјалните средства е евидентно. Согласно извршениот вешт наод од страна на д-р Јанка Димитрова, точка 3, капитал и материјални средства се два различни поими, што повторно укажува на манипулацијата на овие термини од страна на тужителот. Дополнително, намалувањето на постојаните средства (градежни објекти, опрема, транспортни средства итн.) е резултат на Законските прописи за амортизација и задолжителна сметководствена пресметка и годишно намалување на основ амортизација на постојаните средства, е во незначителен обем и е во согласност со законската номенклатура и стапките за амортизација.

Очигледно паушалното тврдење и само-заклучокот на тужителот води кон негово наведување на судот дека тужените вршат продажба на материјалните средства, што не е случај, а тоа се гледа и од завршните сметки.

Дополнително, изнесеното тврдење дека на тужениот му бил забрането увид во документацијата на тужените е целосно неточно бидејќи тужителот никогаш не побарал такво нешто од тужените. Напротив тужителот првпат побара увид во документацијата на тужените и тоа со поведување на вонпарнична постапка против тужените пред овој суд, на што тужените воопшто не се противеа, па таков увид му беше овозможен, при што полномошникот на тужителот со вешти лица кои самиот ги ангажирал во неколку наврати вршеа увид во документацијата и им беа доставени фотокопии од сите документи кои ги побараа.

ДОКАЗ: Решение ВПП бр. 15/13 од 13.05.2013 година од Основен суд Штип

Во однос на изнесените податоци во тужбата и извештајот за историјатот на друштвата, појаснуваме дека историјатот во однос на настанокот на тужените е потполно погрешен бидејќи видно од доказите кои ги доставуваме, не спорно се потврдува дека:

1.Друштвото Имако Дооел е основано по судско решение бр. 1/94 од 05.02.1994 година од страна на лицето Ристе Љуботенски и до 2004 година обавува дејност производство и трговија на вино.

2.Друштвото Имако Вино Дооел е основано на 31.01.1996 година по судска регистерска влошка бр. 030050227-8-01-000 , а не на 07.04.2005 година како што е наведено во Извештајот за констатирана состојба.

ДОКАЗ: Судски регистрации и тековни состојби на друштвата

Исто така, не се точни наводите содржани во т.н. Извештај за констатирана состојба за тоа дека вложувањата на тужителот во второтужениот на име зголемување основна главнина изнесуваат 2.500,00 евра, бидејќи видно од доставената уплата, уплатен е износ од 2.475,00 евра;

Воедно од досегашните наводи доставените докази и особено извршеното вештачење од вештото лице Д-р Јанка Димитрова, неспорно произлегува дека единствени лични уплати на тужителот Владислав Втулкин по основ на зголемување на основна главнина или уплата на основачки влог изнесува износот од 2.475,00 евра, а сите други уплати од правните лица наведени во тужбата, се извршени од други правни лица и по сосема друг првен основ купопродажба на вино - извоз на стоки.

**V.** Во однос на кривичната пријава која ја потенцира тужителот како доказ во тужбата напоменуваме дека истата е потполно неоснована и тоа лесно ќе се докаже во самата кривичина постапка бидејќи наведените одлуки се донесени согласно одредбите од ЗТД кои никогаш не биле оспорени или пак прогласени за ништовни во утврдена законска постапка.

Воедно од увидот во Договор за основање на ИМАКО ДОО Штип и сите други потребни документи, јасно се гледа дека истите се потпишани лично од страна на тужителот, а тоа го констатираше и првостепениот суд во првостепеното решение со кое се одбива предлогот за издавање на времена мерка.

Напротив, единствен кој е измамен во целата оваа ситуација е токму лицето Ристе Љуботенски кој е содружник на тужените, за која цел истиот поднесе кривична пријава против тужителот Владислав Михаилович Втулкин поради основано сомнение за сторено кривичино дело Измама и Фалсификување на исправи, која ја доставуваме во прилог.

ДОКАЗ: Кривична пријава против тужителот

**VI.** Во однос на Решението од Апелациониот суд за донесување на времената мерка која ја потенцира тужителот во тужбата, сметаме дека таквата времена мерка е во целост неоснована, од причини детално елаборирани во доставениот одговор на жалба на првостепеното решение со која беше одбиен предлогот за издавање на привремна мерка па сметаме дека самото решение за привремена мерка не заслужува било каква натамошна експликација.

Врз основа на досегашниот обемен одговор на поднесената тужба и доказите кои ги доставуваме во прилог на истиот, неспорно може да се констатира апсурдноста и неоснованоста на тужбеното барање. Тужителот добро знаел дека не постапил, ниту имал намера да постапи по одредбите од Договорот за деловно-техничка и финансиска соработка, туку уште од самиот почеток имал нечесна намера, а со ова Тужба тоа и го докажува, без било каков правен основ неосновано да се збогати со прикажување на лажни факти и неверодостојни исправи.

Со оглед на наведеното му предлагам на насловниот суд да го одбие тужбеното барање на тужителот во целост како неосновано и да го задолжи да им ги надомести на тужените трошоците на постапката.

Во прилог:

- Полномошно
- Тековна состојба за првотужениот
- Тековна состојба за второтужениот
- Тековна состојба за Полномошникот на тужените.

Скопје,

12.11.2013 год.

За Тужените,

Полном.Адв.Гоце Цоневски

АДВОКАТ
ГОЦЕ ЦОНЕВСКИ
ул."Васил Главинов" бр.7Б-1/1
Тел. 02/3290-811 Скопје